Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-51/5
29.01. 2025 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02) и член 21, став 1, точка 17 од Статутот на Општина Градско број 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на 43-та седница одржана на 29.01.2025 година го усвои следниот:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско за 2024 година**

Во Општина Градско, согласно Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско за 2024 година се реализирани неколку проекти и спроведени се тековни активности за одржување на локалната патна и улична мрежа. Реализацијата на програмата директно зависи пред сѐ од приливот на средства во Буџетот за оваа намена кој во 2024 година изнесуваше вкупно 1.810.091,00 денари и тоа се прилив од ЈП за државни патишта.

Имајќи го предвид скромниот износ на средства во Буџетот на општината за оваа намена во 2024 година, беа релизирани поголемиот дел од проектите кој беа планирани со Програмата за изградба реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици за 2024 година.

Во Општина Градско во 2024 година се релизираа следните проекти:

1. **Реконструкција на дел од улица Борис Трајковски и дел од улица Панко Брашнаров во Градско**

На дел од улиците Борис Трајковски и Панко Брашнаров се реконструираа нај оштетените 410 метри со поставување на нов асфалт. Изведувач на работите беше Гама Градба Скопје. Вредноста на проектот изнесува 4.424.409,76 денари. Средствата беа обезбедени 50% од Буџетот на општина Градско, а другиот дел од Бирото за регионален развој.

2. **Асфалтирање на улица Јане Сандански во Градско**

На улицата Јане Сандански и крак од истоимената улица се постави асфалт во должина од 870 метри. Изведувач на работите беше ГПТУ ОСД Кирил ДООЕЛ Штип. Вредноста на проектот изнесува 6.246.247,00 денари. Средствата беа обезбедени од светска банка преку Министерството за транспорт и врски.

3. **Реконструкција на локален пат Виничани – Регионален пат Р1.102**

На локалниот пат Виничани – Регионален пат р1.102 кој е со должина од 1106 метри се постави нов асфалт. Изведувач на работите беше ГПТУ ОСД Кирил ДООЕЛ Штип. Вредноста на проектот изнесува 8.001.386,00 денари. Средствата беа обезбедени од светска банка преку Министерството за транспорт и врски.

**4. Поплочување на улица во Старо Градско**

Во Старо Градско се изврши поплочување на улица во должина од 130 метри со вредност од 300 000,00 денари. Изведувач на работите беше ЈКП Клепа Градско Средствата беа обезбедени од Буџетот на општина Градско.

**5. Тековни активности за одржување на локалната патна и улична мрежа во општина Градско.**

За тековно одржување на патиштата и улиците (крпење на дупки, тампонирање,чистење на пропусти и сл.), потрошени се средства во износ од 80.000,00 денари, средства се обезбедени од Буџетот на општина Градско.

Се надеваме дека соработката на Општина Градско во оваа 2025 година со Јавното претпријатие за државни патишта ќе продолжи како и до сега, а ние како општина во соработка со сите чинители ќе обезбедиме повеќе финансиски средства за изградба на локални патишта, улици и мостови на територијата на Општина Градско, како и редовно тековно одржување.

Совет на Општина Градско
Претседател

Мирјана Ѓорѓиева